МОДЕМ

МОНИТОРИНГ НА ДЕМОКРАТИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА



МРТ 2

# МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА
# ВТОР СЕРВИС

# 1. ТЕМИ ЗА КОИ ИЗВЕСТУВАШЕ

МТВ2 во анализираниот период објави вкупно 63 прилози. Организацијата на изборите од страна на институциите, прекројувањето на ИЕ 6, избирачкиот список беа темите кои доминираа во прилозите (16). Работата на институциите (евроинтеграции, регионална соработка, посети) беше тема застапена во 13 прилози. Работата на СЈО, односно објавувањето на двете обвиненија и процесот за Пуч беше тема во 8 прилози, додека за поплавите и последиците од нив, како и за предизборни активности на партии-




**Број на прилози на МТВ2 според теми (5 - 9 и 11 - 16 септември)**

| | |
|---|---|
| Тема 1 | Организацијата на предвремените парламентарни избори (подготовката на избирачкиот список, проблемот со прекумерниот број гласачи во шестата изборна единица итн). |
| Тема 2 | Предизборни активности на политичките партии (сите активности што вклучуваа најави, ветувања и реакции на нив). |
| Тема 3 | Промоција на проекти и мерки на Владата (мерките, најчесто во земјоделството, ги промовираа владини претставници од ВМРО-ДПМНЕ). |
| Тема 4 | Проекти и мерки на Владата во чија промоција политичките партии и лидери |
| Тема 5 | Предизборни ветувања на владините претставници |
| Тема 6 | Други активности на владините претставници |
| Тема 7 | Работата на Специјалното јавно обвинителство (вклучувајќи и други теми поврзани со СЈО, како очекувањето Уставниот суд да се изјасни за неговата уставност) |
| Тема 8 | Справување со последиците од поплавите во август (вклучувајќи ги и собраниските седници на оваа тема) |
| Тема 9 | Одбележување 25 години од независноста на Македонија (вклучувајќи ги и аналитичките прилози за тоа до каде стигнала државата) |
| Тема 10 | Чествување на Мајка Тереза |
| Тема 11 | Најавата од Зоран Заев за проширена употреба на албанскиот јазик |
| Тема 12 | Состојбите во економијата (долгот на државата кон стопанството, статистиките за невработеноста, подготовката на буџетот) |
| Тема 13 | Задолжувањата и јавниот долг |
| Тема 14 | Медиумите и медиумската работа |
| Тема 15 | Работата на институциите |
| Тема 16 | Други теми |

те МТВ2 во вестите известуваше со по 7 прилози. Со три прилози во вестите беше одбележан Денот на независноста.

Вестите на МТВ2 информираат за сите позначајни политички настани во земјата, иако се забележува блага наклонетост кон темите кои се од интерес на албанската етничка заедница (активностите на функционерите од ДУИ, поместувањата во албанскиот политички блок, локални настани поврзани со албанската заедница).

# 2. ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТИ

Во прилозите во анализираниот период како субјект најмногу е застапен СДСМ (41 прилог), ВМРО ДПМНЕ (35), министрите од ДУИ (17), СЈО (15), ДУИ (13), ДПА (12 и ДИК (11). Генерално во вестите на МТВ2 нема изразување личен став на новинарот или на редакцијата. Онаму каде што има, тој е неутрален, и тоа кај што се споменуваат следниве субјекти: СДСМ (25 прилози), ВМРО ДПМНЕ (24), ДУИ (13), ДПА (11). Во два прилози новинарот дава лична афирмативна оценка.




**Број на прилози и начин на врамување на политичките субјекти (5 - 9 и 11 - 16 септември)**

# 3. КОРИСТЕЊЕ НА ИЗВОРИТЕ

Во прилозите најмногу се користи еден извор (19). Потоа следуваат прилозите каде се појавуваат три или повеќе страни (16) од кои во 10 тие се со спротивставени гледишта (10). Во прилозите со два извори (15), соговорниците се повеќе со единствени гледишта (8).




**Користење на изворите во вестите на МТВ 2 (5 - 9 и 11 - 16 септември)**